ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

13 декември 2023 година Гевгелија Број 15 Година XXXXII

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.5/2002 г.), а во врска со член 36 став (4) од Законот за буџетите (,,Службен весник на РМ“ бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 г. и "Службен весник на РСМ" бр.151/21 год.) и член 38 став (1) точка 4 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 06.12.2023 година, донесе

# ОДЛУКА

**за пренамена  на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година**

## Член 1

Со оваа Одлука се врши пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година кој е објавен во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.17/2022, 2/2023, 5/2023, 9/2023, 13/2023 и 14/23 год.), и тоа во делот на буџетот на блок-дотации зголемување, и пренамена во делот на основниот буџет, на следниот начин:

**Програма  и назив на потпрограмата**
**Потставка и опис на потставката Буџет   Самофинанс   Дотации  Донации   Кредити**

**1.Се врши пренамена-намалување на следните потпрограми и расходни потставки на буџетот-основен буџет-630**

| | | |
|---|---|---|
| **Е00 – ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | |
| 401120-Основни плати-државни службеници | 800.000 | |
| 402110-Основни придонеси за ПИО | 400.000 | |
| **Ф10-УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** | | |
| 425640-Изработка на просторни и урбанистички планови | 300.000 | |
| **ФА0-КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** | | |
| 485420-Надомест за одземен имот | 800.000 | |
| **JJ0-ИЗГРАДБА НА ДЕПОНИИ ЗА ОТПАД** | | |
| 482420-Изградба на депонии за отпад | 100.000 | |
| **К40-КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО** | | |
| 464990-Други трансфери | 300.000 | |
| **Л00-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | | |
| 464990-Други трансфери | 100.000 | |

**и се врши зголемување на следните потпрограми и расходни потставки на буџетот-основен буџет - 630**

| | |
|---|---|
| **Е00 – ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | |
| 425990-Други договорни услуги | 500.000 |
| **Д00-ГРАДОНАЧАЛНИК** | |
| 464990-Други трансфери | 400.000 |
| **ФА0-КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** | |
| 482920-Изградба на други објекти | 1.100.000 |
| **Г10-ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | |
| 464990-Други трансфери | 800.000 |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ и е составен дел на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година.

Бр.09-1957/1
06.12.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 06.12.2023 година, по расправата за Нацрт-Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година, го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

1.Се утврдува Нацрт-Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година.

2.Нацрт-Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година се става на јавна расправа и ќе се објави на ВЕБ-страната на Општина Гевгелија.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1958/1
06.12.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 06.12.2023 година, по расправата за Нацрт-Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2024 година,  го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Се утврдува Нацрт-Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2024 година.

2.По Нацрт-Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2024 година ќе се спроведе јавна расправа.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1959/1 — Претседател
06.12.2023 год. — на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија — **Патрик Матх с.р.**

---

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 06.12.2023 година, по расправата за Нацрт-Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2024 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Се утврдува Нацрт-Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2024 година.

2.ПоНацрт-Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2024 година ќе се спроведе јавна расправа.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1960/1 — Претседател
06.12.2023 год. — на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија — **Патрик Матх с.р.**

---

Врз основа на член 40 став (2) од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), и член 125 став (2) и (3) од Деловникот на Советот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.05/07 и 21/07год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 06.12.2023 год., расправајќи по предлогот на Комисијата за прашања на избори и именувања, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за формирање Комисија за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2024 година**

1.Со ова Решение се формира Комисија од пет члена за изработка на Програмата за работа на Советот на ОпштинаГевгелија за 2024 година.

2.За членови на горенаведената Комисија се именуваат:

- **Ѓорге Попов (претседател),**
- **Златко Митров (член),**
- **Слаѓана Стаменковска (член),**
- **Александар Пандовски (член), и**
- **Сашко Јанчев (член).**

3.Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2024 година се задолжува да ги собира, анализира и внесува во Програмата сите задачи и работи коишто се поднесени до Советот на Општина Гевгелија од страна на овластените предлагачи.

4.Се задолжува Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2024 година да ги известува задолжените субјекти да ги достават актите и материјалите од својот дел округ на разгледување и усвојување пред Советот на Општина Гевгелија во зацртаниот рок воПрограмата.

5.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1961/1
06.12.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матхс.р.**

---

Врз основа на член 7 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (,,Службен весник на РМ” бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.98/19, 302/20 и 122/21), член 38 став (1) точка 24 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија"

бр.25/06, 08/10,18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.) и член 8 став (1) од Одлуката за определување на зони за зонско паркирање на подрачјето на град Гевгелија

(,,Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.2/20 и 7/23г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 06.12.2023 година, донесе

## ОДЛУКА
### за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на цени за зонско паркирање во град Гевгелија

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на цени за зонско паркирање во град Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.13/2023 год.) во член 4 точка 1 - Цена за повластена паркинг карта за станари, во делот ***месечно*** во алинеа 1 - месечна паркинг карта за станари за прво возило зона А, Б или Ц, износот **,,400,00 денари"** се заменува со зборот**,,бесплатно",** и во делот ***годишно*** во алинеа 1-годишна паркинг карта за станари за прво возило зона А, Б или Ц, износот **,,4000,00 денари"** се заменува со зборот **,,бесплатно".**

Во членот 4, по точка 7 се додава нова точка 8 која гласи:

***Годишна паркинг карта за сопственици на возила со погон само на електрична енергија***

-годишна паркинг карта за сопственици на возила со погон само на електрична енергија зона А, Б и Ц ---------------------------------------------**БЕСПЛАТНО.**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1962/1
06.12.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**

---------------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02), член 39 од Законот за заштита на правата на пациентите („Службен весник на Република Македонија" бр.82/08, 12/09, 53/11, 150/15) и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.190/19 и 122/21) и член 38 став (1) точка 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 06.12.2023 година, донесе:

# **О Д Л У К А**
**за формирање Комисија за унапредување на правата на пациентите во Општина Гевгелија**

**член 1**

Со оваа Одлука се формира Комисија за унапредување на правата на пациентите во Општина Гевгелија, во состав:

1. Кристијан Алчинов, Здружение на граѓани со дијабетис на општините Гевгелија, Богданци и Дојран, Гевгелија,
2. Ратко Ќаев, Асоцијација за пулмонална хипертензија „Момент плус“ Гевгелија
3. Убавка Ликимова, Организација на жени, Гевгелија,
4. Сашка Карајанова, ЗГ „Поддршка“ Гевгелија,
5. Ивана Хаџи-Николова Калинова, ЗГ „Регионален центар за одржлив развој“ Гевгелија,
6. Љупка Пејчиќ, Заедница на инвалидски организации Гевгелија,
7. Софија Гугова, лекар во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија,
8. Христина Прошева, лекар, ПЗУ Гевгелија,
9. Патрик Матх, член на Совет на Општина Гевгелија,
10. Елена Хаџи-Николова, член на Совет на Општина Гевгелија и
11. Билјана Демерџиева, член на Совет на Општина Гевгелија.

Мандатот на членовите на комисијата изнесува две години, со право на уште еден последователен избор.

**член 2**

Комисијата за унапредување на правата на пациентите во Општина Гевгелија ги врши следниве работи:

1) унапредување на правата на пациентите и нивната заштита;

1-а) унапредување на правата на пациентите кои се лица со попреченост и жени жртви на насилство;

2) ја следи и проценува состојбата со заштитата на правата на пациентите;

3) предлага мерки за подобрување на заштитата на правата на пациентите до надлежните органи;

4) соработува со надлежните органи;

5) разгледува поплаки од пациенти и предлага преземање на мерки до надлежни органи;

6) бара стручна експертиза ако оцени дека е тоа неопходно за утврдување на состојбата;

7) води евиденција за поединечни поплаки на пациентите, како и на мерките преземени за заштита на правата на пациентите;

8) подготвува и поднесува годишен извештај за заштита на правата на пациентите пред советот на општината, односно градот Скопје;

9) издава информации, промотивен и друг материјал со цел за унапредување на правата на пациентите и

10) врши и други работи пропишани со овој закон.

Комисијата донесува деловник за својата работа со кој поблиску се уредува начинот на работа.

**член 4**

Членовите на комисијата при вршењето на работите од својата надлежност се должни да обезбедат тајност и заштита на податоците, согласно со закон.

**член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1963/1
06.12.2023 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

**----------------------------------------------------------------**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Закон за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 11, 141 и 142 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) и член 38, став 1, точка 38  од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 06.12.2023 година, донесе:

# О Д Л У К А

**за разрешување и именување на членови на општински Совет за социјална заштита**

**Член 1**

Од членови на Советот за социјална заштита на Општина Гевгелија, поради истек на мандат, се разрешуваат:

1. Љубица Карајанова, претставник на општинската администрација;
2. Руска Митрова, претставник на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Гевгелија;
3. Љупка Пејчиќ, претставник на Здружение на глуви и наглуви Гевгелија;
4. Даниела Гошева Кангова, претставник на Здружение на лица со телесен инвалидитет „Мобилност" Гевгелија,
5. Лазо Трајков, претставник на Здружение на слепи лица Гевгелија;
6. Сузана Димитриева, претставник на Организација на жени општина Гевгелија;
7. Зорица Бошњак, претставник од ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија;
8. Тања Ѓореска, заменик командир на ПС ОН Гевгелија;
9. Василка Садикова Ковачева, Основен јавен обвинител на ОЈО Гевгелија;

10. Ирена Никова, претставник на СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија;
11. Анита Божинова, претставник на ООУ „Владо Кантарџиев“ Гевгелија;
12. Митра Попова, претставник на ООУ „Крсте Мисирков“ Гевгелија;
13. Васка Ефтимова, претставник на ООУ „Климент Охридски“ Миравци;
14. Македонка Узунова, претставник на ООУ „Ристо Шуклев“ Негорци;
15. Виолета Праматарова Христова, претставник на ЗГ „Поддршка“ Гевгелија.

**Член 2**

За членови на Советот за социјална заштита на Општина Гевгелија, се именуваат:

1. Љубица Карајанова, претставник на општинската администрација;
2. Руска Митрова, претставник на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Гевгелија;
3. Љупка Пејчиќ, претставник на Здружение на глуви и наглуви Гевгелија;
4. Даниела Гошева Кангова, претставник на Здружение на лица со телесен инвалидитет „Мобилност“ Гевгелија,
5. Лазо Трајков, претставник на Здружение на слепи лица Гевгелија;
6. Сузана Димитриева, претставник на Организација на жени општина Гевгелија;
7. Зорица Бошњак, претставник од ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија;
8. Тања Ѓореска, заменик командир на ПС ОН Гевгелија;
9. Ирена Никова, претставник на СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија;
10. Елеонора Ичева, претставник на ООУ „Владо Кантарџиев“ Гевгелија;
11. Светлана Димова, претставник на ООУ „Крсте Мисирков“ Гевгелија;
12. Ивана Ристова, претставник на ООУ „Климент Охридски“ Миравци;
13. Македонка Узунова, претставник на ООУ „Ристо Шуклев“ Негорци;
14. Лазар Мешков, претставник на Општинска организација на Црвен крст Гевгелија;
15. Сашка Карајанова, претставник на ЗГ „Поддршка“ Гевгелија;
16. Зорица Трајкова, претставник на ЗГ Национална Алијанса за лица со посебни потреби Гевгелија и
17. Елена Бегова, претставник на Фондација Ице Бегов Скопје.

**Член 3**

Мандатот на членовите на општинскиот Совет за социјална заштита е четири години.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1964/1
06.12.2023 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

-------------------------------------------------------------

Врз основа на член 38 став (1) точка 42 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 06.12.2023 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**За разрешување на претседателот и членовите на Комисијата за предлагање листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија**

1.Во комисијата за предлагање листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија, поради истекот на мандатот, **се разрешуваат:**

**претседателот:**
- Тони Аврамов, дипл.професор по македонски јазик од Гевгелија, и

**членовите:**
- Петко Смилков, дипл.професор по математика од Гевгелија,
- Тања Трајковска, дипл.професор по историја од Гевгелија,
- Оливер Ташев, дипл.професор по историја од Гевгелија,
- Саша Јованов, дипл. археолог од Гевгелија.

2.Примерок од Решението да се достави до разрешените членови.

3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1965/1
06.12.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------

Врз основа на член 38 став (1) точка 42 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05.21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 06.12.2023 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за именување на претседател и членови на Комисијата за предлагање листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија**

1. Во комисијата за предлагање листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија, се именуваат следниве лица**:**

**претседател:**
- Саша Јованов, дипл.археолог од Гевгелија,

**членови:**
- Ѓорги Стамков, дипл.професор по историја од Гевгелија.
- Здравко Николов, дипл.архитект од Гевгелија.
- Миле Смилков, дипл.професор по историја од Гевгелија,
- Борис Петров, дипл. професор по ликовна уметност од Гевгелија.

2.Мандатот на именуваните членови на Комисијата изнесува четири години.

3.Примерок од Решението да се достави до именуваните  членови на Комисијата.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1966/1
06.12.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

----------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 37 од Законот за култура ("Службен весник на РМ" бр. 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11......11/18 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 06.12.2023 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план  на ЈОУ  Дом на култура ,,Македонија“ – Гевгелија за 2023 година**

1.Се усвојуваат измените и дополнувањето на  финансовиот план на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2023 година, на сметка 7150110405-903-14 К2 програма (блок дотации) и сметка 7150110405-787-10-К2 програма (самофинансирачка), усвоени и предложени од Управниот одбор на ЈОУ Дом на

култура ,,Македонија“-Гевгелија со Одлука бр.02-152/3 и Одлука бр.02-152/4 од 28.11.2023 год.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1967/1 Претседател
06.12.2023 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Патрик Матх с.р.**

**------------------------------------------------------**

Врз основа на член 28 од Законот за средно образование (Основен текст на законот "Сл.весник на РМ" бр.44/95 и измените "Сл.весник на РМ" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016,67/2017, 64/2018 и „Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 06.12.2023 година донесе

# РЕШЕНИЕ

**за давање согласност за формирање на паралелки со помал број ученици во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебна 2023/2024 год.**

1. Се дава согласност за формирање на паралелки со помал број ученици од 25 во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебната 2023/2024 год.и тоа:

| Струка | Профил | пред видени | | за пишани | |
|---|---|---|---|---|---|
| угостителско -туристичка | Готвач/ Келнер  III степен | 5 | | 0 | |
| здравствена | Гинеколошко акушерска сестра/физеотерапевски техничар  IV степен | 5 | | 6 | |
| машинска | Машински техничар за моторни возила/техничар за производно машинство  IV степен | 5 | | 4 | |
| машинска | автомеханичар- заварувач III степен | 5 | | | |
| гимназиско | | 02 | | 3 | |

2.Оваа решение влегува на сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1968/1
06.12.2023 год
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

**-----------------------------------------------------**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 38 став (11) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 06.12.2023 година, донесе:

# ОДЛУКА

**за приоритет на проект за изградба на улица “Свети Климент Охридски” (продолжување на Булевар Гевгелија),**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет на проект **за изградба на улица “Свети Климент Охридски” (продолжување на Булевар Гевгелија), општина Гевгелија”**.

**Член 2**

Средствата за изградба се обезбедени преку Проектот за поврзување на локални патишта на Министерството за транспорт и врски со заем од Светска Банка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Гевгелија”.

Бр.09-1969/1
06.12.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

**-----------------------------------------------------**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 38 став (11) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 06.12.2023 година, донесе:

# ОДЛУКА

**за одобрување и овластување на градоначалникот на Општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува и овластува градоначалникот на Општина Гевгелија, г-дин Андон Сарамандов, да го потпише Договорот за имплементација за под-проект за изградба на улица "Свети Климент Охридски" (продолжување на Булевар Гевгелија), општина Гевгелија.

**Член 2**

Договорот за имплементација за под-проектот за изградба на улица "Свети Климент Охридски" (продолжување на Булевар Гевгелија), општина Гевгелија ќе биде потпишан од :

1.Министерство за транспорт и врски (МТВр), со адреса на улица „ Плоштад Црвена Скопска Општина" бр.4, Скопје, застапувано од г-дин Благој Бочварски, Министер (во понатамошниот текст „ ЗАЕМОПРИМАЧ") од една страна, и

2.Општина Гевгелија, застапувана од г-дин Андон Сарамандов, Градоначалник (во понатамошниот текст „КРАЕН КОРИСНИК") од друга страна.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1970/1 — Претседател
06.12.2023 год. — на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија — **Патрик Матх с.р.**

**----------------------------------------------------------**

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 116 став (1) алинеа 3 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13,12/14, 44/14, 144/14....198/18 год. и  "Службен весник на РСМ" бр.236/22 год.), и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 06.12.2023 година,донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усвојување на измени и дополнување на финансовиот план на ЈОУДГ  "Детска радост"- Гевгелија за 2023 година**

1.Се усвојуваат измените и дополнувањето на  финансовиот план на сметка ,,903" на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост"-Гевгелија за

2023 година, усвоени од Управниот одбор на оваа јавна установа **со Одлука бр.02-178/5 од 05.12.2023 година**.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1971/1
06.12.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---

Врз основа на член 118 став (4) од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20), член 50 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 01.12.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на в.д.директор на**
**Општинското Основно Училиште „Владо Кантарџиев“- Гевгелија**

1. На Ружица Икономова со завршен Филозофски факултет, професор дефектолог, вработена во Општинско Основно Училиште „Владо Кантарџиев“-Гевгелија., и престанува мандатот на в.д. директор на Општинското Основно Училиште „Владо Кантарџиев“-Гевгелија заради истек на мандат.

2. Ружица Икономова да биде распоредена на работа во ООУ „Владо Кантарџиев“-Гевгелија, на работно место соодветно на нејзиниот вид и степен на стручна подготовка.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

------------------------------

Бр.08-1923/1
01.12.2023
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија

***Андон Сарамандов с.р.***

---

Врз основа на член 118 став (3) и (4) од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20), член 50 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 01.12.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување Вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште „Владо Кантарџиев“- Гевгелија**

1. За вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште „Владо Кантарџиев“-Гевгелија до избор на нов директор по пат на јавен оглас, но не подолго од шест месеци, од денот на именувањето се именува
- Крунослав Прошев со завршен Природно математички факултет, професор по биологија, вработен во Општинско Основно Училиште „Владо Кантарџиев“-Гевгелија.

2. Именуваното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ООУ „Владо Кантарџиев“-Гевгелија, Законот за основно образование и другите законски прописи.

1. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.08-1924/1
01.12.2023 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија

***Андон Сарамандовс.р.***

---

Врз основа на член 118 став (3)  од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20), член 50 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 04.12.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на в.д. директор на Општинското Основно Училиште „Владо Кантарџиев“- Гевгелија**

1. На Круносллав Прошев со завршен Природно-математички факултет, професор по биологија, вработен во Општинско Основно Училиште „Владо Кантарџиев“- Гевгелија му престанува мандатот на в.д. директор на Општинското Основно Училиште „Владо Кантарџиев“- Гевгелија, на лично барање.

2. Именуваното лице од точка 1 да биде распореден на работа во ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија на работно место соодветно на неговиот вид и степен на стручна подготовка.

3. Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.08- 1932/2
04.12.2023 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија

***Андон Сарамандов***

**--------------------------------------------------------**

Врз основа на член 118 став (3) и (4) од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20), член 50 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РСМ“ бр. 5/02), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 04.12.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување Вршител на должноста директор**
**на Општинското Основно Училиште „Владо Кантарџиев“-Гевгелија**

1. За вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште „Владо Кантарџиев“ - Гевгелија, до избор на нов директор по пат на јавен оглас, но не подолго од 6 месеци од денот на именувањето, се именува
- Ружица Икономова, со завршен Филозофски факултет-дефектолог, вработена во Општинското Основно Училиште „Владо Кантарџиев“-Гевгелија.

2. Именуваното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ООУ „Владо Кантарџиев“-Гевгелија, Законот за основно образование и другите законски прописи.
3. Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.08-1933/1
04.12.2022
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов с.р.***

Врз основа на член 115 став (3) од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20), член 50 став (1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 04.12.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за задолжување на Училишниот Одбор на Основното Општинско Училиште „Владо Кантарџиев“- Гевгелија за објавување јавен оглас за избор на директор**

**Член 1**

Со оваа одлука се задолжува Училишниот Одбор на Основното Општинско Училиште „Владо Кантарџиев“ – Гевгелија, да објави јавен оглас за избор на директор на Основното Општинско Училиште „Владо Кантарџиев“ – Гевгелија, при што целокупната постапка да биде завршена најдоцна пред истек на мандат на именуван директор.

**Член 2**

Во јавниот оглас ќе бидат утврдени условите кои со закон треба да ги исполни кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.08-1934/1
04.12.2023 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија

***Андон Сарамандов с.р.***

---------------------------------------------

Врз основа на член 115 став (1) и член 118 став (4)  од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20), член 50 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 05.12.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на в.д. директор на**
**Општинското Основно Училиште „Климент Охридски“- Миравци**

1. На Каролина Димитрова со завршен Педагошки факултет, одделенски наставник, вработена во Општинско Основно Училиште „Климент Охридски“-Миравци, и престанува мандатот на в.д. директор на Општинското Основно Училиште „Климент Охридски“-Миравци заради истек на мандат.

2. Каролина Димитрова да биде распоредена на работа во ООУ „Климент Охридски“-Миравци, на работно место соодветно на нејзиниот вид и степен на стручна подготовка.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.08-1941/1
05.12.2023 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов с.р.***

-------------------------------------------------------------

Врз основа на член 118 став (3) и (4) од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20), член 50 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 05.12.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување Вршител на должноста директор на**
**Општинското Основно Училиште „Климент Охридски“-Миравци**

1. За вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште „Климент Охридски“-Миравци до избор на нов директор по пат на јавен оглас, но не подолго од шест месеци, од денот на именувањето се именува
   - Кристина Петкова со завршен Педагошки Факултет професор по одделенска настава, вработена во Општинско Основно Училиште „Климент Охридски“-Миравци.

2. Именуваното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ООУ „Климент Охридски"-Миравци, Законот за основно образование и другите законски прописи.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-1942/1
05.12.2023 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов с.р.***

---------------------------------------------

Врз основа на член 115 став (1) и 116 став (1) алинеа 1 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ" бр. 161/19 и 229/20), член 50 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 06.12.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на в.д.директор на**
**Општинското Основно Училиште „Климент Охридски"-Миравци**

1. На Кристина Петкова со завршен Педагошки факултет, професор по одделенска настава, вработена во Општинско Основно Училиште „Климент Охридски"-Миравци, и престанува мандатот на в.д. директор на Општинското Основно Училиште „Климент Охридски"-Миравци на лично барање.

2. Кристина Петкова да биде распоредена на работа во ООУ „Климент Охридски"-Миравци, на работно место соодветно на нејзиниот вид и степен на стручна подготовка.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

08-1952/2
06.12.2023 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

-----------------------------------------------------

Врз основа на член 118 став (3) и (4) од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20), член 50 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 06.12.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување Вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште „Климент Охридски“-Миравци**

1. За вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште „Климент Охридски“-Миравци до избор на нов директор по пат на јавен оглас, но не подолго од шест месеци, од денот на именувањето се именува
   - Каролина Димитрова со завршен Педагочки факултет, одделенски наставник вработена во Општинско Основно Училиште „Климент Охридски“-Миравци

2.Именуваното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ООУ „Климент Охридски“-Миравци, Законот за основно образование и другите законски прописи.

1. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.08-1953/1
06.12.2023 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов с.р.***

---------------------------------------------------

Врз основа на член 118 став 2 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161/2019 год. и 229/20) и член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 06.12.2023 год. донесе

**О Д Л У К А**
**за задолжување на Училишниот Одбор на Општинското Основно Училиште „Климент Охридски“-Миравци за објавување на јавен оглас за избор на директор**

**член 1**

Со оваа одлука се задолжува Училишниот Одбор на Општинското Основно Училиште „Климент Охридски“-Миравци да објави јавен оглас за избор на директор на Општинското Основно Училиште „Климент Охридски“-Миравци при

што целокупната постапка да биде завршена најкасно пред истек на мандат на именуван в.д.директор. , .

**член 2**

Во јавниот оглас ќе бидат утврдени условите кои со закон треба да ги исполни кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

**член 3**

Ова одлука влегува на сила со денот на донесување а ќе се објавуви во "Службен гласник на Општина Гевгелија.

Бр.08-1954/1<br>06.12.2023 год.<br>Гевгелија

Градоначалник<br>на општина Гевгелија<br>***Андон Сарамандов***

**--------------------------------------------------------------**

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21) и Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.17/22), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2023 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година, ставка 463 подставка 463120 – Трансфери до спортски клубови, Програма Л0 - спорт и рекреација, во износ од 20.000,00 денари се доделуваат на Училишен спортски клуб „Владо Кантарџиев“ од Гевгелија за програмски активности.

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Училишен спортски клуб „Владо Кантарџиев“ од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година за програмски активности предвидени со Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2023 година.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година во износ од 20.000,00 денари, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-37/512
31.10.2023 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

**-----------------------------------------------------------**

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21) и Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.17/22), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2023 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма К4 - Културни манифестации и творештво, во износ од 30.000,00 денари се доделуваат на Општинско основно училиште „Владо Кантарџиев“ од Гевгелија за програмски активности.

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања  и средствата ќе се исплатат  на трансакциона сметка на Елизабета Инадеска Ефремова.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Општинско основно училиште „Владо Кантарџиев“ од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година за програмски активности предвидени со Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2023 година.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година во износ од 30.000,00 денари, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-37/527
9.11.2023 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

**-------------------------------------------------**

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21) и Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.17/22), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2023 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година, ставка 463 подставка 463120 – Трансфери до спортски клубови, Програма Л0 - спорт и рекреација, во износ од 250.000,00 денари се доделуваат на Ракометен клуб „Партизан – 2016 Спорт“ од Гевгелија за програмски активности.

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања  и средствата ќе се исплатат  на трансакциона сметка.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Ракометен клуб „Партизан – 2016 Спорт“ од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година за програмски активности предвидени со Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2023 година.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година во износ од 250.000,00 денари, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-37/529
14.11.2023 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

----------------------------------------------------------

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21) и Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.17/22), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2023 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година, ставка 463 подставка 463110 - Трансфер до здруженија на граѓани и фондации, Програма Д0 – Градоначалник, во износ од 20.000,00 денари, се доделуваат на Здружение на пензионери на Општина Гевгелија „Гевгелија“ од Гевгелија за финансиска поддршка на НВО и програмски активности.

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Здружение на пензионери на Општина Гевгелија „Гевгелија“ од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година за програмски активности предвидени со Програмата за финансирање на проекти од областа на НВО во општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2023 година.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година во износ од 20.000,00 денари, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-37/530<br>15.11.2023 година<br>Гевгелија

Градоначалник<br>на општина Гевгелија<br>**Андон Сарамандов с.р.**

**-------------------------------------------------------**

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21) и Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.17/22), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2023 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма К4 - Културни манифестации и творештво, во износ од 10.000,00 денари се доделуваат на Гордана Николоска-Петрова од Гевгелија за програмски активности.

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка на Гордана Николоска-Петрова.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Гордана Николоска-Петрова од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година за програмски активности предвидени со Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2023 година.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година во износ од 10.000,00 денари, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-37/531<br>
15.11.2023 година<br>
Гевгелија

Градоначалник<br>
на општина Гевгелија<br>
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21) и Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.17/22), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на Општина Гевгелија за 2023 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма Д0 во износ од 5.335,00 денари, се доделуваат на Заедница на инвалидски организации „Гевгелија“ од Гевгелија за субвенционирање на режиските трошоци (електрична енергија, вода, интернет).

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка на барателот.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Заедница на инвалидски организации „Гевгелија“ од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2023 за субвенционирање на режиските трошоци (електрична енергија, вода, интернет) за месец октомври.

